MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2008 Бр. Q-1051/0

Бр. 12-781/4
19.03.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петтата седница одржана на ден 15 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-781/1 од 25.02.2019 година.

Предметот со број 12-781/1 од 25.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-781/1 од 25.02.2019 година, кој е оформен врз основа на добиено барање од познат подносител – физичко лице.

Во добиеното барање, се бара да се преиспита случај на попреченост на користење на право на службеност врз еден недвижен имот во една општина, а за кое биле водени судски постапки пред надлежни судови од 1998 година.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот случај, ДКСК констатира дека станува збор за прашања по кои веќе се имаат произнесено други надлежни органи (Основното јавно обвинителство за подрачјето на основниот суд во предметната општината и Судски совет на РСМ) и оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување по овој предмет.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk